nextsense

# ПРЕПОРАКА

За ревизорскиот тим на ТРАЈКОВСКИ & ПАРТНЕРИ Консалтинг

Друштвото за информатичка технологија Некстсенс во текот на Декември 2012 година изврши надворешна контрола на системот за заштита на личните податоци со цел да се провери усогласеноста со барањата од Законот за заштита на лични податоци и Правилникот за Технички и Организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.
Контролата ја спроведе консултантската фирма Трајковски & Партнери Консалтинг како независно трето лице овластено за вршење на надворешна контрола.

За време на контролата се реализираа следниве активности:

- Проверка на постоечката документација за заштита на лични податоци (план, правилници, акти)
- Проверка на збирките на лични податоци (обработка, пристап)
- Проверка на примената на техничките и организациските мерки за заштита на лични податоци
- Разговор со вработените овластени за обработка на лични податоци

По реализацијата на контролата беше изработен Извештај од извршената контрола на системот за заштита на лични податоци.

Ни претставува особено задоволство што имавме прилика да соработуваме со ревизорскиот тим на Трајковски & Партнери. Притоа би сакале да ја потенцираме нивната професионалност и стручност и навремената испорака на резултатите, како и позитивната работна атмосфера која беше присутна во текот на целото времетраење на контролата.

Искрено се надевам дека соработката која ја воспоставивме со овој креативен и сериозен тим успешно ќе продолжи и во иднина.

Ми претставува големо задоволство да ја дадам оваа препорака за задоволство од работата со тимот Трајковски & Партнери Консалтинг и од постигнатите резултати.

Менаџер на сектор за професионални услуги

Датум

01.03.2013

Partizanski Odredi 62
1000 Skopje, Macedonia
tel: +389 2 3075 111
fax: +389 2 3075 333
contact@nextsense.com